<u>ПРЕДЛОГ</u>

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 29.3.2024 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за прерапределба на кумулативна сеопфатна добивка

### Член 1

Се одобрува да се изврши прераспределба на кумулативната сеопфатна добивка во задржана добивка ограничена за распределба на акционерите, во износ од 15.380.958,00 денари.

### Член 2

Наведениот износ од член 1 од оваа одлука ја вклучува кумулативната сеопфатна добивка којашто произлегува од продажба на хартии од вредност.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач**

_______________________________

**О б р а з л о ж е н и е**

**за прерапределба на кумулативна сеопфатна добивка**

Банката во своето портфолио на хартии од вредност расположливи за продажба располагаше со 279 обични акции од Македонската берза на хартии од вредност АД, со вкупна вредност од 10.351.184,00 денари, прикажани во билансите на Банката.

Во согласност со Одлуката за Методологија за евидентирање и вреднување на сметководствени ставки и за подготовка на финансиски извештаи, истите беа класифицирани во категоријата Финансиски средства расположливи за продажба и мерењето на истите беше по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка и сите промени на објективната вредност се евидентираат во капиталот на Банката.

Во текот на месец јуни 2022 година, овие акции во два наврати беа продадени и тоа:

- на 3.6.2022 година беа продадени 80 акции по продажна цена од 89.465,00 денари по акција или вкупна продажна вредност од 7.157.200 денари и
- на 24.6.2022 година беа продадени 199 акции по продажна цена од 89.458,00 денари или вкупна продажна од вредност од 17.802.042,00 денари.

Вкупната продажна вредност на истите изнесува 24.959.342,00 денари.

Разликата меѓу набавната и продажната вредност од 14.608.158,00 денари, веднаш по продажбата на истите, се вклучи во сопствените средства, како дел од редовниот основен капитал, преку компонентата од сопствени средства кумулативна сеопфатна добивка ограничена за распределба на акционерите.

Останатиот износ од 772.800,00 денари е разликата помеѓу куповната и продажната вредност на акциите на „Уни Банка“, продадени во текот на 2018 година.

Со оваа одлука се предлага прераспределба на износот од 15.380.958,00 денари при пресметка на сопствените средства од компонентата кумулативна сеопфатна добивка во задржана нераспределена добивка ограничена за распределба на акционерите.

Скопје, 27.2.2024 г.　　　　**НАДЗОРЕН ОДБОР**